ЌОР - ЗБОР
**ДАРКО ГЕЛЕВ - БРЕЈК**



СЕКОЈ МОЖЕ ДА ВИДИ КАКО ИЗГЛЕДАМ, АМА САМО ОДНАДВОР!

ЌОР - ЗБОР
**АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ**



МАРИОНЕТИТЕ ЗА ДОБРИНА, ПОЛИТИЧАРОТ ЗА МАРИОНЕТИ... СЕКОЈ КОПНЕЕ ЗА ОНА ШТО МУ НЕДОСТАСУВА!

## ЛЕЛЕЕЕЕЕ...ЛЕЦ - БОМБИЦИ

- Слободоумните луѓе се ретки. Затоа се така добро чувани.
- Не е точно дека апсат по списоци, одат по ред.
- Во недостаток на прецизни упатства, судијата се држеше до законот.
- Државната телевизија е хуманитарна организација. Ѝ помага на власта за да преживее.
- Од новинарите се бара да бидат објективни. Верно да го пренесат она што ќе им се нареди.



КАКВА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ЕТЕ ДОЈДОВ ДО ДНОТО И ОД НЕА НЕМА НИ ТРАГА!

## ВИЦОТЕКА

Некаде во Егејското Море, наш поранешен висок политичар доживеал бродолом и само што помислил дека му нема спас од некаде се појавила Цеца - Аркановица и го прашува:
- Жеден ли си, гладен ли си?
- Како да не сум. Немам јадено пет дена, последното јадење ми беше кавијар со шампањско.
- А, да ти дадам и некоја таблета за смирување?
- Сè би дал за едно пакување.
- А, би сакал ли малку и да "си поиграме"?
- Леле Цецо, да не имаш случајно и play-station.

**МАКЕДОН**




БРАНКА и МИРО